Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-23/2
8.4.2024, Скопје

За потребите на проектот „Младински активизам за инклузивно општество" во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан", финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), врз основа на Договорот за грант меѓу УНДП и Институтот за човекови права бр. 0307-62/1 од 17.11.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права ја испраќа следната:

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 3/2024
за набавка на услуги за консекутивен и писмен превод

I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Младински активизам за инклузивно општество"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугите треба да се испорача во периодот од **април 2024 до ноември 2024.**

III. ПОЗАДИНА

Од декември 2023 година, Институтот за човекови права (ИЧП) го спроведува проектот **„Младински активизам за инклузивно општество".** Проектот ќе трае до 30 ноември 2024 година. Целта на проектот е да се подигне свеста и да се ангажираат младите во развивање на дијалог за промовирање на мултиетничко општество за сите. Оваа цел ќе биде постигната преку вклучување на учениците во развивање на мултиетнички дијалог и подигање на свеста за почитување и напредување на различните идентитетски обележја на заедниците со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Во рамките на проектот ќе се реализираат следниве активности:

- Активност 1: Организирање на четири трибини со ученици од избрани средни училишта каде наставата се одвива на македонски, албански и турски јазик;
- Активност 2: Одржување на четири работилници за презентирање на културните и јазичните обележја на етничките заедници;
- Активност 3: Online кампања на социјалните медиуми преку подготовка на блог постови од страна на ученици на теми поврзани со креирање на едно мултиетничко општество, негување и унапредување на мултикултурата;
- Активност 4: Подготовка на извештај за состојбите врз основа на претходно реализираните проектни активности со заклучоци и препораки за подобрување на меѓуетничкиот дијалог и потенцирање на улогата на младите со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Овој проект се реализира во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан", финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Институтот за човекови права (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е реализација на услуги за **консекутивен превод** на три јазици – македонски, англиски и турски јазик и **писмен превод** на четири јазици – македонски, албански, турски и ромски јазик, кои се неопходни за успешно реализирање на програмските активности.

Консекутивен превод

ИЧП има потреба од консекутивен превод на вкупно **осум настани** (**четири трибини** на тема инклузивно образование и **четири работилници** за презентирање на културните и јазичните обележја на етничките заедници). Овие активности ќе се спроведат со ученици од избрани средни училишта од Скопје, Тетово и Куманово каде наставата се одвива на македонски, албански и турски јазик. Училиштата во коишто ќе се реализираат овие активности се:

1. СУГС „Димитар Влахов" – Скопје
2. СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов" – Скопје
3. СОУ „Перо Наков" – Куманово
4. ОСМУ „Никола Штејн" – Тетово

Задачи и обврски на преведувачите:

Во координација со проектен координатор и тимот на ИЧП, и во соработка со другите преведувачи, добавувачот ќе врши консекутивен превод на настани реализирани со средношколци.

- **Трибините** ќе се реализираат во рамките на самите училишта и се предвидени да траат од 1 (еден) до 2 (два) часа максимум. Оваа активност е предвидена да се спроведе во месец април и мај 2024 година.
- **Работилниците** ќе се реализираат надвор од училишта и се предвидени да траат околу 4 (четири) часа максимум, но консекутивниот превод ќе биде потребен околу 2 (два) часа. Оваа активност е предвидена да се спроведе во месец мај и јуни 2024 година.

Предвидено е на секој настан да има **максимум до двајца преведувачи** (еден преведувач од македонски на албански јазик и обратно и еден од македонски на турски јазик и обратно). Преведувач од македонски на турски јазик и обратно ќе се ангажира согласно потребите на училиштето, односно само доколку турскиот јазик е еден од наставните јазици на училиштето.

Писмен превод

ИЧП има потреба од писмен превод на четири јазици (македонски, албански, турски и ромски јазик), кои се неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

Задачи и обврски на преведувачите:

Во координација со проектниот координатор и тимот на ИЧП, преведувачот ќе врши превод на извештај, промотивни материјали и други материјали, зависно од потребите на проектните активности.

Секој поединечен материјал ќе му биде доставен на преведувачот во електронска верзија (во ворд-документ преку е-маил) и истиот е должен да го преведе материјалот, во договорно определениот рок, и електронски да достави финална верзија на материјалот до ИЧП. Доколку програмскиот тим смета дека е потребно да се направат некои измени, преведувачот ќе изврши корекции, во согласност со насоките дадени од ИЧП.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП

V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Плаќањето за консекутивниот превод ќе биде извршено по реализација на секој настан (секоја поединечна трибина или работилница). Плаќањето за писмениот превод ќе биде извршено по реализација на секоја поединечна услуга и доставување на бараниот материјал.
Персоналниот данок паѓа на товар на ИЧП. Проектот е ослободен од ДДВ.

VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата активност;
- Во функција на успешно извршување на задачата, на преведувачите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Преведувачите ќе работат во координација и под директен надзор на проектниот координатор и со поддршка од проектниот тим. Тој/таа ќе биде во комуникација со проектниот координатор по потреба.

VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Консекутивен превод

Услугите треба да се испорачаат во период од **април до ноември 2024 година**.

Прелиминарни датуми за реализација на настаните:

	СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје	СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ – Скопје	СОУ „Перо Наков“ – Куманово	ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово
Трибина	16 април 2024 во 10:00 часот	Неодредено	Неодредено	26 април 2024
Работилница	Неодредено	Неодредено	Неодредено	Неодредено

Проектниот тим на Институтот за човекови права, во согласност со училиштата, ќе ги договори останатите датуми за реализирање на настаните.

Писмен превод

Услугите треба да се испорачаат во период од **април до ноември 2024 година**.

Проектниот тим на Институтот за човекови права, во согласност со предвидената временска рамка, ќе се договори со преведувачот за точниот датум на реализација на услугите.

VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачите ќе биде во Скопје, Тетово и Куманово. Службените патувања до Тетово и Куманово кои ќе произлезат од извршувањето на задачата ќе бидат соодветно покриени од ИЧП.

IX. ВЕШТИНИ[1]

- **Оспособеност за преведување:** способност да го пренесе значењето од изворниот на целниот јазик и да создаде текст што ги задоволува лингвистичките правила на целниот јазик и инструкциите за конкретната преведувачка работа, притоа водејќи сметка за терминологијата, граматиката, лексиката, стилот, специфичностите на културата и други конвенции, форматирањето, целната група и целта на преводот.
- **Лингвистичка и текстуална оспособеност и во изворниот и во целниот јазик:** способност да се разбере изворниот јазик и комплетно познавање на целниот јазик. Тоа подразбира познавање на карактеристиките на различни текстови, од стандарден јазик до многу специјализирани текстови и способност да се примени ова знаење при создавањето на преведените текстови.
- **Оспособеност за истражување, наоѓање информации и преработка на информациите:** способност за ефикасно здобивање со дополнително лингвистичко и специјализирано знаење коешто е неопходно за разбирање на изворниот текст и создавање на преводот. Ова, исто така, подразбира искуство во примена на алатки за истражување и способност за развивање соодветни стратегии за ефикасна примена на достапните извори на информации.
- **Оспособеност за разбирање на културните специфичности:** способност да се искористат информациите како за изворната така и за целната култура и нејзините конвенции, како и стандардите на однесување и системите на вредности со кои се одликуваат изворната и целната култура.
- **Техничка оспособеност:** ги опфаќа способностите и вештините што се потребни за професионална подготовка и создавање на преводот, вклучително и способноста за примена на технички ресурси (комуникациска опрема, хардвер и софтвер, компјутерски преведувачки алатки, пристап до извори на информации и медиуми).

X. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ НА ПРЕВЕДУВАЧИТЕ

Образование

- Минимум завршени студии од прв циклус на високо образование. Како предност ќе се смета доколку добавувачот е дипломиран преведувач со завршено четиригодишно високо образование

[1] http://mata.mk/wp-content/uploads/2017/03/profesionalni-standardi.pdf

на филолошки студии (т.н. „стара програма") или дипломиран преведувач со стекнати 180 кредити согласно ЕКТС.

Стручност

- Најмалку три години искуство со преведување.

Членување во професионални здруженија

- Соодветен доказ за членство во професионални организации и асоцијации за превод ќе се смета за предност.

XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Изборот и рангирањето на добавувачите кои ги исполнуваат критериумите за подобност ќе се врши по пат на евалуација на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда е:
а) Соодветна и прифатлива и
б) Ги задоволува следниве критериуми:

- Финансиска понуда: 100%

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена х максимален број на бодови) / цена на понудата

Највисоко рангираните понудувачи ќе имаат предност при ангажирањето за специфични задачи во рамки на програмата, а договор ќе се склучи со преведувачот кој ќе го прифати понудениот ангажман.

Согласно проектниот буџет, максималниот износ на 1 страница писмен превод (1.800 карактери со празни простори) е 738,00 денари бруто износ, а максималниот износ за консекутивен превод до 8 часа ангажман изнесува 9.225,00 денари бруто износ.

XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Ве молиме да ни доставите CV (биографија) и финансиска понуда.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат.

Активности 2:

Ставка	Опис на производ/услуга	Бруто цена (во МКД)
1.	Консекутивен превод до 4 часа ангажман	
2.	Консекутивен превод до 8 часа ангажман	
3.	Превод на пишан текст (цена за една страница ворд-текст со максимум до 1800 карактери со празни простори)	

Институт за човекови права

Марија Чекреџи
Институт за човекови права